

# Јавни набавки

Д-р Маре Богева Мицовска



**„Јавните набавки не се само начин на кој државата ги троши јавните пари, туку преку нив го градиме нашето општество и нашата иднина“**

# Теми на обуката

- ДЕЛ 1
- Законска рамка
- Институционална рамка
- Видови договори за јавни набавки
- Видови постапки за јавни набавки
- Критериуми за избор и способност
- Средства за обезбедување
- Правна заштита



# Теми на обуката

- ДЕЛ 2
- Електронски систем за јавни набавки - ЕСЈН
- е – план за јавни набавки
- е - аукција
- е - каталог
- е - пазар
- е - жалба



# Законска рамка

- Закон за јавните набавки и подзаконски акти

- Закон за јавните набавки - ЗЈН

- Актуелен ЗЈН – примена од 1 април 2019 година (Службен Весник бр. 24/19)
  - Измена на ЗЈН – ( Службен Весник бр.87/21)
  - Измена на ЗЈН во 2022 – во подготовка

- Подзаконски акти

- Објавени се 17 подзаконски акти во Службен весник на Република Северна Македонија (број 64/2019, 86/2019, 225/2019, 250/2019, 263/2019, 271/2019 и 14/2020)
  - https://www.bjn.gov.mk/category/podzakonski-akti-zjn/

# Начела на јавните набавки

- Економичност, ефикасност и ефективност на користењето јавни средства – ТРИ „Е“
- „best value for money“ -изборот помеѓу две или повеќе понуди мора да биде заснован врз споредба на трошоците во однос на добиениот резултат. Избраната понуда треба да биде:
- понуда со која се постигнува ист резултат, но со пониски релевантни трошоци;
- понуда со која со исти или помали релевантни трошоци се постигнува истиот резултат, или
- понуда со која, иако со поголеми релевантни трошоци, се постигнува подобар резултат (услов претставува дадената ефикасност да ги оправдува зголемените трошоци).

- Конкуренција помеѓу економските оператори
- Постапките треба да бидат осмислени и спроведени на начин што ќе ја поттикне конкуренцијата помеѓу економските оператори
- Не смее неоправдано да се ограничува конкуренцијата помеѓу економските оператори
- Не смее да се бара од понудувачот да ангажира одредени подизведувачи за извршување на договорот, ниту, пак, да бара од понудувачот да врши какви било други активности, како што е извоз на одредени стоки или услуги.

# Начела на јавните набавки

- Транспарентност

- Се обезбедува со објавување на планот за јавни набавки, огласите и известувањата, тендерската документација и договорот за јавна набавка, како и нивните измени и дополнувања.
- обврска да се информираат економските оператори и пошироката јавност за:
- започнување на постапката за јавна набавка,
- донесениот план за јавни набавки се објавува во ЕСЈН до крајот на јануари од тековната година,
- донесените одлуки во текот на постапката и
- исходот од постапките за јавна набавка (избор или поништување).

- Еднаков третман и недискриминација на економските оператори

- Учесниците во постапките за јавни набавки во иста ситуација да бидат третирани на ист начин
- Дискриминацијата врз основа на земјата на потекло или регистрација, државјанство, јазик и религија е забранета
- Да се обезбеди еднаков третман на економските оператори во сите фази од постапката во однос на сите елементи од понудата, земајќи ги предвид заемното признавање и сразмерноста на барањата во врска со предметот на набавка.

# Начела на јавните набавки

- Сразмерност

- Постапката за јавна набавка треба да се спроведува сразмерно на предметот на набавка, особено во однос на:

- изборот,
- дефинирањето и примената на условите,
- барањата и критериумите, кои мора да бидат логички поврзани со предметот на набавка



# Институционална рамка

- Поделба

- Институционалната рамка се состои од:

- институции што имаат **централна функција** во уредувањето на системот,
- институции што имаат **контролна функција**,
- институции чии надлежности влегуваат во доменот на **функционирањето на системот** на јавните набавки,
- како и сите **договорни органи** и
- **економски оператори** што учествуваат во постапките за јавни набавки

- Назив

- Министерство за финансии - МФ
- Биро за јавни набавки - БЈН
- Државна комисија за жалби по јавни набавки – ДКЖЈН
- Државен завод за ревизија – ДЗР
- Државната комисија за спречување на корупцијата - ДКСК
- Комисијата за заштита на конкуренција - КЗК

# Институционална рамка

- Биро за јавни набавки - БЈН

- иницира предлози за донесување законски измени
- дава мислења за одредбите и примената на законот и ги прави достапни на неговата веб-страница
- дава мислење за исполнетоста на условите во постапката со преговарање без објавување оглас,
- врши управна контрола
- го управува, развива и унапредува ЕСЈН и електронскиот пазар за мали јавни набавки,
- организира и врши обука за едукација

- Државна комисија за жалби по јавни набавки – ДКЖЈН
- решава жалби во постапките за јавни набавки
- решава жалби во постапки за концесии и јавно приватно партнерство,
- решава за постапките при спроведување управна контрола од страна на БЈН

# Институционална рамка

- Државен завод за ревизија - ДЗР

- Ревизијата на користењето и трошењето на средствата за јавни набавки
- Утврдува и обелоденува неправилности, случаи на незаконско постапување и можни случаи на корупција и злоупотреба на службена должност
- Ги објавува ревизорските извештаи на својата веб страна

- Државната комисија за спречување на корупцијата - ДКСК

- постапува по пријави од физички и правни лица за сомнежи за корупција и судир на интереси

- покренува иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување одговорност на службени лица

- покренува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење во предметите по кои постапува

- покренува иницијатива пред надлежните органи врз основа на извештаи на Државниот завод за ревизија

- постапува во случаи на судир на интереси

# Видови договори за јавни набавки

- Договор за набавка на стоки

- е набавка на една или повеќе стоки преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или најмување со или без опција за купување на стоката
- Купување веднаш значи дека договорниот орган плаќа за стоката во рокот што е предвиден во договорот, по нејзината испорака.
- Купување на стоката со одложено плаќање, односно на рати.
- Можност стоката да се набави со користење лизинг.

- Договор за набавка на услуги

е договор за јавна набавка чиј предмет е набавка на услуги, освен оние услуги што се поврзани со изведување работи



# Видови договори за јавни набавки

- Договор за набавка на работи

- е договор за јавна набавка чиј предмет е:

а) изведување или проектирање и изведување работи поврзани со една или повеќе градежни активности,

б) изведување градба или проектирање и изведување градба и

в) реализација на градба со какви било средства, според барањата на договорниот орган, кој има одлучувачко влијание врз видот или дизајнот на градбата.

- Комбинирани договори

- Набавки чиј предмет содржи различни видови набавки се доделуваат во согласност со одредбите што се применуваат за видот на набавката карактеристична за главниот предмет на договорот.

- Во случај на комбинирани договори за јавни набавки што делумно се состојат од услуги, а делумно од стоки, **главниот предмет на набавка се определува во зависност од тоа која од проценетите вредности на стоките или услугите преовладува.**

# Видови постапки за јавни набавки

- **Набавка од мала вредност** - за набавки на стоки и услуги со проценета вредност до 10.000 евра и на работи до 20.000 евра. Рок за поднесување на понудите е 7 дена
- **Поедноставена отворена постапка** се врши за набавка на стоки и услуги со проценета вредност до 70.000 евра и на работи до 500.000 евра. Рок за поднесување на понудите е 15 дена
- **Отворена постапка** се спроведува во една фаза и може да се спроведе за секој предмет на набавка, при што секој заинтересиран економски оператор може да поднесе понуда. Минималниот рок за поднесување на понудите е 30 дена
- **Ограничена постапка** се спроведува во две фази (претквалификација и поднесување понуди) и може да се спроведе за секој предмет на набавка, при што секој заинтересиран економски оператор може да поднесе пријава за учество врз основа на објавениот оглас за јавна набавка.

# Видови постапки за јавни набавки

- **Конкурентна постапка со преговарање** може да се спроведе само во определени случаи утврдени во законот.
- **Конкурентен дијалог** може да користи доколку се исполнети определени случаи утврдени во законот. Конкурентниот дијалог се спроведува во три фази, и тоа:



- фаза на претквалификација
- фаза на дијалог и
- фаза на поднесување конечна понуда.

\- **Партнерство за иновации** може да се користи доколку договорниот орган има потреба од иновативни стоки, услуги или работи, која не може да се задоволи со набавка на стоки, услуги или работи што се веќе достапни на пазарот.

# Видови постапки за јавни набавки

- **Постапка со преговарање без објавување оглас** може да се спроведе само во определени случаи утврдени во законот.
- Во определени случаи (итност, технички или уметнички причини), договорниот орган може да започнува постапката со преговарање без претходно објавување оглас самo по добивање претходно мислење од Бирото за јавни набавки.
- При евидентирање на оваа постапка, договорниот орган има обврска кон известувањето за склучен договор на ЕСЈН да го прикачи и мислењето на Бирото за јавни набавки

# Објавување на постапките за набавки

- Во **Електронскиот систем за јавни набавки – ЕСЈН** се објавуваат **сите** постапките за јавни набавки

- **Во Службен Весник на РСМ** се објавуваат поедноставената отворена постапка, отворената постапка, ограничената постапка, конкурентната постапка со преговарање, постапката со преговарање со објавување оглас, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации

- Во **Службеното гласило на Европската унија**, се објавуваат набавките над 130.000 евра за стоки или услуги и 5.000.000 евра за работи




СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

Tenders Electronic Daily
ted.europa.eu

# Категорија на понудувач

- На ЕСЈН регистрирани се над 6.600 економски оператори

| **Економски оператор /категорија на понудувач** | | **податок за 2020 година** |
|---|---|---|
| Категорија на понудувач | | Активни економски оператори |
| Микро понудувачи | | 1.799 |
| Мали и средни понудувачи | | 4.168 |
| Голем понудувач | | 192 |
| Странски понудувачи | | 399 |
| Физичко лице | | 52 |
| **Број и вредност на склучени договори по категорија на понудувач** | | |
| | Број на склучени договори | Вредност на склучени договори |
| Микро | 2.379 | 1.3 милијарди ден. |
| Мал и среден | 24.410 | 34.1 милијарди ден. |
| Голем | 5.364 | 19 милијарди ден. |
| Странски | 82 | 1.7 милијарди ден. |

# Утврдување способност и критериуми за избор на најповолна понуда

- Разлика меѓу овие два вида критериуми е правилото дека критериумите за избор се однесуваат на понудата (финансиската и техничката понуда), а критериумите за утврдување способност се однесуваат на способноста на понудувачот (економска, техничка, професионална), односно следното:
- **Критериуми за избор = ПОНУДА**
- **Критериуми за способност = ПОНУДУВАЧ**

# Услови за утврдување способност

При постапката за утврдување на способноста на економските оператори, потребно е да се утврдат следниве работи:

- **дали постојат причини за исклучување од постапката** (изјава од економскиот оператор, документи од Централен регистар и УЈП)
- **дали се исполнети условите за квалитативен избор** (способност за вршење професионална дејност - задолжителни документи, економска и финансиска состојба - опционално и техничка и професионална способност – опционално) **и**
- **дали се исполнети стандардите за системи за квалитет и стандардите за управување со животната средина.**

# Критериуми за избор на најповолна понуда - Кои критериуми најчесто се користат кај нас?

Од преку 20.000 објавени огласи за 2020 година:

- Најниска цена **– 96%**
- Однос цена/квалитет (Економски најповолна понуда - ЕНП) **– 4%**
- Трошоците во животниот век - **само кај 6 постапки**
- Примена на цената како единствен критериум - договорот се доделува на понудувачот кој ја нуди најниската цена за прифатлива понуда
- Цената е единствениот фактор кој се зема предвид
- Критериумот најниска цена **е најобјективен критериум** за избор на најповолна понуда, тој е јасен, и предноста е во брзината и едноставноста при аплицирањето на овој критериум, **но...**

# Најниска цена

**...има ограничена примена!!!**

- Не им дозволува на договорните органи да ги земат предвид квалитативните аспекти. Освен факторите за минимален квалитет вклучени во спецификациите, коишто сите понуди мора да ги исполнат, квалитетот на ставките што се набавуваат не е предмет на евалуација;

- Не му овозможува на договорниот орган да ги земе предвид иновациите и иновативните решенија. Понудите што ги исполнуваат определените спецификации се сметаат за прифатливи

- За набавките со долг оперативен животен век, овој критериум не му дозволува на договорниот орган да ги земе предвид трошоците на животниот циклус на ставките кои се набавуваат.

**Најдобрата вредност за парите не се добива секогаш со прифаќање на најевтината понуда!!**

# Најниска цена

- **....простор за манипулација или однапред договорен победник !!!**
- Кај блиску 18.000 постапки најниска цена со е-аукција, стари навики и лоши искуства од пракса;
- **Високи првични понуди без конкуренција** најчесто резултира со поништување на постапката (понудата далеку повисока од необјавената проценета вредност);
- **Високи првични понуди со мала конкуренција** најчесто резултира со намалување на цената и договор помеѓу понудувачите за поделба на пазарот на набавки!
- **Високи првични понуди и голема нелојална конкуренција** најчесто резултира со нелогично намалување на цените и неверојатно ниски цени, најчесто однапред е договорен победник = (склучување на договор негово делумно или целосно неизвршување повторно со постигнат меѓусебен договор ДО и понудувачот)

- **Најниска цена со аукција = ПОСЕБЕН ОСВРТ И РЕВИЗИЈА ДАЛИ ОНА ШТО Е БАРАНО ВО ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА ОДНОСНО ДОГОВОРЕНО Е ЦЕЛОСНО ИСПОРАЧАНО/ИЗВРШЕНО**



# Економски најповолна понуда



Економски најповолната понуда се утврдува врз основа на:

- цената или трошоците со користење на пристапот на исплатливост, како што се **трошоците во животниот век**; или
- како **најдобар однос помеѓу цената и квалитетот**, што се оценува врз основа на критериуми, вклучувајќи квалитативни, еколошки и социјални аспекти поврзани со предметот на набавка, кои може да вклучуваат:

а) квалитет и техничка вредност, естетски и функционални карактеристики, достапност, дизајн приспособен за сите корисници, социјални, еколошки и иновативни карактеристики, како и услови на купопродажба;

б) организација, квалификации и искуство на персоналот што ќе го извршува договорот, доколку квалитетот на ангажираниот персонал може значително да влијае врз извршувањето на договорот и

в) постпродажни услуги и техничка поддршка, а во исклучителни случаи, услови на испорака, како што се датум на испорака, начин на испорака и рок на испорака или рок на извршување.

# Средства за обезбедување

**Гаранција на понудата** – може да се достави во вид на:

- банкарска гаранција која не смее да биде поголема од **3%** од вредноста на понудата без вклучен ДДВ или
- изјава за сериозност на понудата.

Овој тип гаранција во вид на банкарска гаранција не се бара кај набавката од мала вредност и поедноставената отворена постапка.

**Гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот** – се бара од понудувачот чија понуда е избрана за најповолна. Висината на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот може да биде **од 5% до 15%** од вредноста на договорот за јавна набавка и треба да биде со важност до целосно реализирање на договорот за јавна набавка



# Средства за обезбедување

## Гаранција за авансно плаќање

- Согласно обврските од договорот за јавна набавка, може да предвиди авансно плаќање.
- Авансот **не може да биде поголем од 20%** од вредноста на договорот.
- Пред исплата на авансот задолжително се обезбедува банкарска гаранција од носителот на набавката во висина на договорениот аванс.

## Користење други видови гаранции

- Со тендерската документација може да се утврдат и други видови гаранции согласно посебен закон и во зависност од природата на предметот на набавка за аспекти од договорот.
- Во овој случај, во тендерската документација мора да биде предвиден видот и условите на гаранцијата.



# Негативна референца на ЕСЈН

Договорниот орган е обврзан да ја наплати **банкарската гаранција на понудата** ако понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,

- не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,

- не го потпише договорот за јавна набавка согласно условите од тендерската документација и доставената понуда или

- не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.



# Негативна референца на ЕСЈН

- Доколку дојде до наплата на банкарската гаранција на понудата, односно до прекршување на изјавата за сериозност на понудата, во ЕСЈН објавува негативна референца што резултира со **исклучување на предметниот понудувач од сите идни постапки за јавни набавки во период од 6 месеци од денот на објавувањето**.

- Периодот на исклучување се зголемува за дополнителни 3 месеци при секоја наредна негативна референца, но не повеќе од 1 година.
- Врз основа на објавените негативни референци се креира листа на издадени негативни референци што е достапна на ЕСЈН.



# Негативна референца на ЕСЈН



https://e-nabavki.gov.mk/PublicA | Прирачник за користење на Ел | bankarska garancija - Google Sea

e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/negativereference

понеделник 6.12.2021 23:59:28

Електронски систем
Биро за јавни набавки

Електронски систем за
ЈАВНИ НАБАВКИ

КОРИСНИЧКА ПОДДРШКА
ЕСЈН - info@bjn.gov.mk
Сметководство - smetkovodstvo@bjn.gov.mk
Легислатива - контакт форма

ОГЛАСИ
ИЗВЕСТУВАЊА
КВАРТАЛНИ ЕВИДЕНЦИИ
Е - НАБАВКИ
Е - ЖАЛБИ
ЗАЕМИ/ДОНАЦИИ/ГРАНТОВИ
ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА
ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ/ПОСТАВИ ПРАШАЊЕ
НЕГАТИВНИ РЕФЕРЕНЦИ
Негативни референци
Провери ЕО за негативна референца
КОРИСНИ ЛИНКОВИ

МК | EN

Листа на Економски оператори кои имаат негативна референца

Пребарувај

| Назив на Економски оператор | Основ за објавување на негативна референца | Дата на објавување на негативна референца | Краен рок - времетраење на негативната референца |
|---|---|---|---|
| МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ АД за превоз, услуги и трговија Скопје | Понудувачот не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, која договорниот орган ја предвиде во тендерската документација | 29.11.2021 13:08 | 29.05.2022 |
| Друштво за трговија и снабдување на електрична енергија СОЛАРПРО ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје | Понудувачот не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, која договорниот орган ја предвиде во тендерската документација | 19.11.2021 08:53 | 19.05.2022 |
| Друштво за производство, трговија и услуги ТЕХНО ИНОВА-РМ ДОО Скопје | Понудувачот не го потпиша договорот за јавна набавка | 12.10.2021 10:05 | 12.04.2022 |
| Друштво за транспорт,трговија,производство и услуги ПАВЛЕ-ТРАНС ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци | Понудувачот ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност | 06.09.2021 11:47 | 06.03.2022 |
| Друштво за трговија транспорт и услуги АЛБИН ТРАНС увоз-извоз ДООЕЛ с. Србјани Кичево | Понудувачот не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, која договорниот орган ја предвиде во тендерската документација | 23.08.2021 09:18 | 23.02.2022 |

v8.0.0.0

МКД 12:29 AM 07.12.2021

# Правна заштита

- https://dkzjn.mk/
- Секој економски оператор што има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и што претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од ЗЈН **може да бара правна заштита** против одлуките, дејствата и пропуштањата за преземање дејства од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка.
- ДКЖЈН има можност да ја користи следната **функционалност на ЕСЈН** :
- - Изјавување жалба до Државната комисија во електронска форма, истовремено до Државната комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН;
- - Во случај на изјавена жалба од економски оператор, од страна на овластено лице кај договорниот орган ќе биде означена постапката за обжалена, а овластено лице кај ДКЖЈН има можност да се изврши увид во досието на постапката во системот и по утврдување на сите факти, да донесе одлука.

# Надоместок за водење на постапката

- Подносителот на жалбата, покрај административната такса, плаќа и надоместок за водење на постапката во зависност од висината на понудата, и тоа:
- - до 10.000 евра , надоместок од **50 евра**,
- - од 10.000 до 70.000 евра, надоместок од **100 евра**,
- - од 70.000 до 130.000 евра, надоместок од **150 евра** или
- - над 130.000 евра, надоместок од **200 евра**.



# Податоци за број на жалби/тужби

Споредба 2016-2017-2018-2019

| година | Жалби пред ДКЖЈН | Тужби пред Управен суд | % |
|---|---|---|---|
| **2016** | 606 | 65 | 10,73 % |
| **2017** | 548 | 86 | 15,69 % |
| **2018** | 715 | 95 | 13,29 % |
| **2019** | 850 | 83 | 9,76 % |

# ЕСЈН

- Електронски систем за јавни набавки/ www.e-nabavki.gov.mk

- Тоа е единствен компјутеризиран систем на национално ниво, кој се користи да овозможи поголема ефикасност и економичност во областа на јавните набавки, **задолжителен е за користење за сите договорни органи**.
- Сите дејства во системот и за спроведување на постапката за набавка се преземаат електронски (онлајн) со користење на ЕСЈН. Системот овозможува безбеден начин на електронска комуникација помеѓу договорните органи и економските оператори. Безбедноста е изразена преку:
- Шифрирање (енкрипција) на примените податоци;
- Дешифрирање (декрипција) на понудите до моментот на отворање;
- Откривање на идентитетот за време на е-аукција;
- Личните податоци, кои корисниците ги внесуваат во системот, имаат третман на посебно заштитени податоци согласно прописите.



https://e-nabavki.gov.mk/PublicA
e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/notices

понеделник 6.12.2021 23:12:13

Електронски систем
Биро за јавни набавки

Електронски систем за
ЈАВНИ НАБАВКИ

КОРИСНИЧКА ПОДДРШКА
ЕСЈН - info@bjn.gov.mk
Сметководство - smetkovodstvo@bjn.gov.mk
Легислатива - контакт форма

ДОГОВОРЕН ОРГАН
ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР
ПЛАНОВИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
ПРЕТХОДНА ПРОВЕРКА НА ПАЗАРОТ
ОГЛАСИ
ИЗВЕСТУВАЊА
КВАРТАЛНИ ЕВИДЕНЦИИ
Е - НАБАВКИ
Е - ЖАЛБИ
ЗАЕМИ/ДОНАЦИИ/ГРАНТОВИ
ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА
ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ/ПОСТАВИ ПРАШАЊЕ
НЕГАТИВНИ РЕФЕРЕНЦИ

MK | EN

Тековни огласи

Пребарувај

| Број на оглас | Договорен орган | Предмет на договорот | Вид на договорот | Вид на постапка | Датум на објава | Краен рок | Документи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21067/2021 | Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија - Скопје | набавка на опрема за евидентирање и водење на основни средства | Стоки | Набавки од мала вредност | 06.12.2021 | 13.12.2021 10:00 | Прикажи |
| 21066/2021 | ЈОУДГ„Снежана" Чаир Скопје | Примарна здравствена заштита - Санитарни прегледи, дезинфекција, дезинсекција, дератизација | Услуги | Набавки од мала вредност | 06.12.2021 | 14.12.2021 10:00 | Прикажи |
| 21065/2021 | Национална установа Национална опера и балет | Набавка на нови противпожарни апарати | Стоки | Набавки од мала вредност | 06.12.2021 | 13.12.2021 10:00 | Прикажи |
| 21064/2021 | Општина Велес | Вршење на геодетски услуги | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 06.12.2021 | 21.12.2021 10:00 | Прикажи |
| 21063/2021 | ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања Скопје | Апарат за дензитометрија | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 06.12.2021 | 23.12.2021 10:00 | Прикажи |
| | Универзитет "Св. Кирил и Методиј" | | | Поедноставена отворена | | | |

https://e-nabavki.gov.mk
v8.0.0.0
11:15 PM
06.12.2021
МКД

# Е- огласи

| Вид на постапка | Број на огласи |
|---|---|
| **Набавка од мала вредност** | 10.663 |
| **Поедноставена отворена постапка** | 7.528 |
| **Отворена постапка** | 1.945 |
| Конкурентна постапка со преговарање | 1 |

# Функционалности на ЕСЈН

- Објавување на годишните планови за јавни набавки и сите измени и дополни;
- Електронско спроведување на технички дијалог (претходна проверка на пазарот);
- Воведување на единствена електронска евиденција на постапките - евидентна книга и евидентен лист;
- Постапки за јавни набавки;
- Овозможување целосно електронско спроведување на постапките за јавни набавки;
- Нови видови на известувања (меѓу кои и Известување за доброволна претходна транспарентност, Известување за измена на договор, Известување за реализиран договор);
- Квартални евиденции;
- Воведување на е- жалби;
- Модул за спроведување на Управна контрола;
- Модул на фактури за договорни органи и економски оператори;

# Кои се корисници на ЕСЈН?

- Бирото за јавни набавки – тоа управува со ЕСЈН, дава корисничка поддршка и ги следи постапките што се спроведуваат преку него;
- Договорните органи;
- Економските оператори;
- Државната комисија за жалби по јавните набавки;
- Државниот завод за ревизија;
- Сите граѓани, НГО, новинари, обвинители, судии, истражни органи, адвокати и др.

# Функционалности на ЕСЈН

- Договорни органи

- Објавување годишен план за јавни набавки;
- Објавување технички дијалог, огласи, известувања/евиденција;
- Објава на тендерска документација;
- Спроведување на постапките за е-набавки;
- Комуникација со економските оператори/понудувачите;
- Спроведување електронски аукции;
- Генерирање различни видови извештаи;
- Водење досие за сите постапки за е-набавки.

- Економски оператори

-Добивање навремени информации од годишните планови за јавни набавки;

- Добивање информација за објавените огласи и пребарување на огласите и известувањата;

- Преземање тендерска документација и поставување прашања и добивање одговори;

- Доставување понуда или пријава за учество, како и документација;

- Одговарање прашања поставени во текот на евалуацијата на понудите;

- Учество во е-аукција и прием на известување за донесена одлука;

- Право на увид во целокупната документација од постапката, вклучувајќи ги доставените понуди или пријави за учество, освен оние документи што се означени како деловна тајна;

- Поднесување е-жалба.

# Е- аукција - примена

- Е- аукција може да се користи само ако техничките спецификации се прецизно дефинирани
- Договорниот орган **<u>може</u>** да користи електронска аукција на која ќе добие нови цени коригирани надолу, односно нови вредности за одредени елементи од понудите, при што аукцијата се структурира како повторувачки електронски процес, кој следи по целосна првична евалуација на понудите и овозможува рангирање на понудите со методите за автоматска евалуација.
- Ако критериумот за избор на најповолна понуда **е најдобриот однос** помеѓу цената и квалитетот во поканата се наведува и исходот од целосната евалуација на првичната понуда на понудувачот до кој се испраќа поканата, како и математичката формула што ќе се користи при негативното наддавање за да се утврдат автоматските промени на листата врз основа на понудените нови цени и вредности.
- Во секоја фаза од аукцијата понудувачите имаат пристап до информациите кои ќе им овозможат **во секое време да го утврдат нивниот ранг**

# Е-аукција

| Критериум за избор на најповолна понуда | Број на огласи без аукција | Број на огласи со аукција |
|---|---|---|
| **Најниска цена** | 1.401 | 17.888 |
| **Економски најповолна понуда ЕНП (најдобар однос помеѓу цената и квалитетот)** | 214 | 639 |
| **Трошоци на користење на пристапот на исплатливост** | 5 | 1 |
| **ВКУПНО** | 1620 | 18.526 |




# Почетна страна на е-Пазар

# Е- пазар - новина

- Е-Пазар е целосно нова платформа, е интероперабилен со ЕСЈН и претставува негов составен дел
- Е-пазарот е изработен врз основа на одредбите од Законот и на него се применува Правилникот за користење на ЕСЈН

- Се користи исклучиво за набавка на стоки и услуги **под прагот од 10.000 евра (набавки од мала вредност)**
- **Кратки рокови - 48 часа рок за доставување на понудите**
- **Поедноставен процес на евалуација и избор** - автоматски избор на производот со најниска цена, без да се види називот на понудувачите
- На договорниот орган останува да избере како ќе ја спроведе постапката
- **Директни нарачки** -По изборот на најповолен понудувач, опција за директни нарачки на производите

# Концепт на е – пазар

## Користење на е-Каталог

Економските оператори на системот подготвуваат сопствени е-Каталози на производите кои ги нудат и истите се јавно достапни

## Понуда во форма на каталог

Економскиот оператор не подготвуваат поединечни понуди на постапките, туку учествуваат со сопствениот веќе подготвен каталог на производи



# Концепт на е – пазар

- **Универзални карактеристики на производите**
- Карактеристиките/атрибутите што ги опишуваат производите се универзални на ниво на производ
- **Подготовка на набавката и спецификации**
- Договорниот орган лесно ја подготвува набавката и избира карактеристики на производите од постоечките. Само ги впишува поединечните спецификации и минимални барања






# Благодарам на вниманието

Д-р Маре Богева Мицовска

+38975232779

marebm@gmail.com

https://e-nabavki.gov.mk/
https://apjn.mk/